# ООУ„НАУМ НАУМОВСКИ БОРЧЕ“

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА ЗА ПЕРИОДОТ 2022-24 ГОДИНА

јули, 2024 година

ООУ„НАУМ НАУМОВСКИ БОРЧЕ“
Скопје - Гази Баба
ул. Мацари бр.25
1000 Скопје
тел: 02/2521-092
email: naum_naumovski_borce@yahoo.com

## ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ООУ„НАУМ НАУМОВСКИ БОРЧЕ“ ЗА ПЕРИОД 2022-2024 ГОДИНА

Врз основа на Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр.161 од 05.08.2019 година) ООУ„Наум Наумовски Борче“ изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2022-2024 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 10.04.2023 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

- Валентина Јовановска - психолог
- Марија Депиновска - одделенски наставник
- Маја Станковска - предметен наставник
- Даниела Кузманоска - предметен наставник
- Наташа Стоимиров - родител

Самоевалуацијата беше спроведена во период од 2022 до 2024 година. За нејзино успешно спроведување, Комисјата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| **Подрачје** | **Членови на тимот** |
|---|---|
| **1. Планирање, учење и настава** | Снежана Величковска - одговорен на тимот<br>Снежана Боболеска<br>Соња Ајдаревиќ<br>Оливера Филиповска<br>Билјана Дрвошанова<br>Моника Гаврилоска<br>Дијана Николовска<br>Наталија Ѓ. Миревска<br>Валентина Коруноска<br>Соња Николова |
| **2. Постигања на учениците** | Сања Пецевски - одговорен на тимот<br>Марија Депиновска<br>Даниела Кузманоска<br>Сања Груева<br>Катерина Јовановиќ<br>Калина Пуловска |

ООУ„НАУМ НАУМОВСКИ БОРЧЕ“
Скопје - Гази Баба
ул. Маџари бр.25
1000 Скопје
тел: 02/2521-092
email: naum_naumovski_borce@yahoo.com

| | |
|---|---|
| | Јовица Николовски |
| **3. Училишна клима и односи во училиштето** | Виолета Силјановска - одговорен на тимот<br>Валентина Јовановска<br>Соња Златевска<br>Анета Пешевска<br>Тања Мучева Зафировска<br>Весна Трајковска<br>Маре Ѓуревска<br>Маја Давидовска Бошевска<br>Дејан Боневски<br>Ленче Славковска |
| **4. Управување, раководење и креирање политики** | Маја Станковска- одговорен на тимот<br>Катарина Марковска<br>Елизабета Темелковска<br>Фросина Ристовска<br>Тамара Димитриевска<br>Билјана Велјаноска<br>Александра Војнеска Зикова<br>Гордана Ѓорѓиевска |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според копи дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставнички совет одржана на 11.07.2024 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискурираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

ул. Маџари бр.25
1000 Скопје
тел: 02/2521-092
email: naum_naumovski_borce@yahoo.com

**Подрачје 1: Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

Во рамките на подрачјето Планирање, настава и учење, училиштето постигнува значителни успеси и демонстрира високо ниво на посветеност кон квалитетното образование. Наставните планови и програми се реализираат во целост и во пропишаниот обем, а наставниците навремено подготвуваат годишни, тематски, месечни и дневни планирања, што помага во структурирањето и ефективното спроведување на наставата.

Училиштето им обезбедува поддршка на наставниците во имплементирање на целите од новата концепција за основното образование. Во училиштето има пропишани и планирани процедури за поддршка и следење на планирањата и часовите на наставниците, ова придонесува за постигнување на образовните цели.

Наставниците имаат можности да учествуваат на семинари организирани од БРО, како и проекти кои се спроведуваат од страна на домашни и странски организации, после кои се организираат интерни обуки. Стручната служба континуирано ги следи наставниците, нивните досегашни обуки и семинари и истите ги евидентира во професионалниот развој на наставниците. Согласно личните потреби и развој, наставниците потенцираат дека работата со деца со пречки во развој е најтешка и бараат повеќе практични часови и обуки, а исто така истакнуваат дека имаат потреба од соработка и размена на искуства во врска со методите и техниките кои се применуваат во наставата и во оценувањето. Наставниците сакаат да ги развиваат своите компетенции во сите области.

Родителите се информирани за наставните планови, програми и иновациите во наставата, што ја зајакнува соработката помеѓу училиштето и родителите и ја подобрува транспарентноста. Оваа комуникација е клучен фактор за успешната реализација на наставата и за постигнување на образовните цели на учениците.

Најголем дел од наставниците користат разновидни техники, форми и методи што соодветствуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење. Најголем број наставници користат добро испланирани и соодветни активни методи за работа со учениците, индивидуално, во парови, во групи или заедничка работа со целата паралелка. Часовите се реализираат по предвидениот тек на наставниот час. Најголем дел наставници ги реализираат поставените цели на часот.

Училиштето располага со информатичко компјутерска технологија која се обновува тековно и наставниците се обучени за нејзино користење. Наставниците планираат и реализираат наставни единици со примена на ИКТ.

Во реализација на еко програмата вклучени се наставниците, стручните соработници, учениците и родителите.

Училиштето успешно спроведува инклузивно образование за ученици со посебни образовни потреби и ученици кои имаат потешкотии во учењето. Се работи на индивидуализирани планови за учење и дополнителна поддршка преку туторство, советување и други образовни програми. Ова им овозможува на сите ученици да напредуваат според своите способности и да ја добијат поддршката што им е потребна.

Задачите што се работат во училиште или дома се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Изборот на задачи и активности кај дел од

ООУ„НАУМ НАУМОВСКИ БОРЧЕ“
Скопје - Гази Баба
ул. Маџари бр.25
1000 Скопје
тел: 02/2521-092
email: naum_naumovski_borce@yahoo.com

наставниците се со различно ниво на сложеност приспособени на индивидуалните образовни потреби. Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење, не ограничувајќи се исклучиво на учебниците, како и дополнителна прирачна литература. Поголем број наставници на учениците им овозможуваат да работат со сопствено темпо.

Мултиетничката интеграција и мултикултурната сензитивност се исто така важен аспект на училиштето. Училиштето е мултиетничко и мултикултурно, каде што е застапена родова и етничка рамноправност и мултикултурната сензитивност во наставните програми. Организирани се активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранција.

Учениците имаат можност преку анкетирање да се определуваат за изборните предмети кои ќе ги изучуваат следната учебна година согласно нивните потреби и интереси. Организирани се бројни воннаставни активности а вклучувањето на учениците во нив е доброволно и според нивните афинитети и потреби. Ова овозможува учениците да се ангажираат во активности кои ги интересираат и ги мотивираат за учење.

Во рамките на училишниот двор има спортска сала и отворено повеќенаменско игралиште, уредени атлетски борилишта, фудбалско игралиште кое треба да се реконструира, стара конструкција од ботаничка мини градина и ограден простор за детско игралиште кое се користи за настава на отворено.

Во училиштето се организира продолжен престој за ученици од прво до трето одделение со барања за целодневна настава.

Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставни и воннаставни активности, со што ги задоволува потребите на учениците

Опременоста на училиштето со наставни нагледни материјали и помагала задоволува и истата има тенденција на подобрување. Наставниците и учениците знаат за наставните средства и материјали кои им се на располагање и истите ефективно ги користат во наставата и учењето. Училиштето планира и обезбедува потрошен материјал за реализација на наставните и воннаставните активности во рамки на финансиските можности.

Комуникацијата со родителите е на високо ниво, со редовни состаноци на кои родителите се информираат за напредокот на своите деца и заеднички ги планираат понатамошните чекори. Ова ја зајакнува соработката помеѓу училиштето и родителите и придонесува за успехот на учениците.

Воопшто, планирањето, наставата и учењето во училиштето силно се фокусира на инклузивното образование, мултиетничката интеграција и соработката со родителите, училиштето обезбедува квалитетно образование и поддршка за сите ученици, при што секогаш постои простор за понатамошно усовршување и подобрување.

ул. Маџари бр.25
1000 Скопје
тел: 02/2521-092
email: naum_naumovski_borce@yahoo.com

**Силни страни**

- Училиштето успешно спроведува инклузивно образование (вклучено е во два тековни проекта, има ресурсна сензорно сетилна соба, има вработено специјален едукатор за ученици со посебни образовни потреби, три образовни ассистенти, остварува и соработка со ресурсен центар Иднина, набавена е ассистивна технологија, се спроведуваат обуки за наставниците за работа со ученици со посебни образовни потреби);
- Учениците учествуваат на сите натпревари организирани од акредитирани здруженија, како и во други натпреварувачки активности, при што се постигнати високи резултати (128 натпревари, 274 награди на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво);
- Училиштето имплементира различни методи и техники на учење, вклучувајќи ги интерактивни наставни методи, примена на ИКТ итн. Ова го збогатува учебниот процес и ги задоволува различните стилови на учење на учениците;
- Училиштето активно учествува во проекти за меѓуетничка интеграција во образованието, ова вклучува организирање на мултикултурни работилници, проекти за соработка меѓу учениците од различни етнички и културни позадини, како и имплементација на учебни активности кои ја поддржуваат меѓуетничката разновидност и толеранција во училишната средина;
- Учениците имаат широк спектар на изборни предмети и активности што ги задоволуваат нивните интереси и способности. Ова ги поттикнува во личниот развој и креативност, како и во активно учество во училишни и воннаставни активности.
- Училиштето поддржува отворена и редовна комуникација со родителите преку различни канали како родителски средби, Е-Дневник, веб-страница и SMS пораки, со ова родителите активно се вклучуваат во образовниот процес;
- Наставниците навремено подготвуваат годишни, тематски, месечни и дневни планирања во согласност со наставните програми и националните стандарди. Ова обезбедува систематизиран и ефикасен пристап кон образовниот процес;
- Директорот и стручната служба редовно ги следат и ги поддржуваат наставниците во реализацијата на планираните часови и програми. Ова ги подобрува перформансите на учениците и квалитетот на наставата;
- Наставниците имаат можност за учество во обуки и семинари за примена на современи методи и техники на учење, како и за развој на лични вештини и професионално усовршување;
- Соработка со локалната средина и искористување на условите за потребите при реализација на наставните програми;

ул. Мацари бр.25
1000 Скопје
тел: 02/2521-092
email: naum_naumovski_borce@yahoo.com

**Слаби страни**

- Помал број ученици користат дополнителни материјали како извори за учење;
- Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала задоволува и има тенденција на подобрување, но потребно е да се обноват и набават нагледни средства за предметите од природно математичката група како и предметите од групата на вештини а и за реализација на воннаставни активности;
- Недостиг нагледни часови за оценување на ниво на стручни активи. На ниво на стручни активи нема доволно нагледни часови каде би биле потенцирани техиките, методите и стандардите за оценување;
- Недоволен број на кабинети за едносменска настава со реализација на целодневна настава за која треба и дополнителен наставен кадар за таков вид на настава.

**Приоритети**

- Изнаоѓање мноштво начини за информирање на учениците и родителите за материјали и извори на учење од страна на училиштето;
- Организирање на работилници и нагледни часови на ниво на стручни активи за подобро кооперативно учење и размена на искустава, како и за користење на различни методи и техники на оценување;
- Подобрување на условите и ресурсите за наставата и воннаставни активности (капацитети, нагледни средства и материјали);
- Воведување на целодневна настава за учениците од 1-3 одд.

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**Опис/резиме на подрачјето**

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди од две последователни учебни години. Училиштето ги следи постигањата на учениците на Советот на предметните наставници, Одделенските совети и Наставничкиот совет. На Наставнички совет се дискутира и разгледува успехот на постигањата на учениците по одделни предмети и одделенија (квартално) и се предлагаат активности за подобрување на истиот.

Училиштето учествува во спроведување на екстерни тестирања на државно ниво, по одделни наставни предмети и континуирано го следи напредокот на учениците.

Следење на напредокот на учениците, набљудувањето и проценка од страна на стручнатата служба, заедно со одделенските раководители и родителите ги

идентификуваат учениците со потешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со попреченост и истите добиваат соодветна поддршка од училиштето.

Идентификацијата на надарените ученици се одвива со потешкотии поради недостаток на објективни инструменти за поефективно откривање и целосно потврдување на надареност на учениците.

Известување на родителите за постигања на учениците, училиштето редовно го врши преку: родителски состаноци на крајот на секој класификационен период, индивидуални средби со родителите, отворени родителски средби, Совет на родители, приемни денови на наставници, евидентни листови, е-дневник, свидетелства и додаток на свидетелства.

Училиштето системски ја следи редовноста на учениците секоја недела, по месеци. Одделенските раководители ги ажурираат изостаноците во електронскиот дневник. Истата се анализира по класификациони периоди, но исто така се вршат споредбени анализи во две последователни години 2022/23 и 2023/24 .

Училиштето ги реализира советувањата на родителите/старателите и учениците, за што води уредна документација, ги известува надлежните институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците.

Со советувањето се развива свеста за потребата од унапредување на родителските вештини, кои позитивно влијаат на квалитетот на животот на ученикот и неговите постигања. Видно зголемување на постигањата на индивидуално ниво се забележува во случаи каде постои поголема ангажираност на родителите околу своето дете.

Покрај редовната настава училиштето промовира уверување дека постигањата на сите ученици може да се подобрат со организирање на дополнителна настава.

**Силни страни**

- Училиштето има систем за идентификација на учениците кои имаат потешкотии во учењето, како и на учениците со посебни образовни потреби. Се забележува напредок во учењето со помош на образовен асистент и специјален едукатор и рехабилитатор;
- Систематско следење на редовноста на учениците и навремено превземање конкретни активности за зголемување на редовноста;
- Редовно советување на родители-старатели на ученици од страна на стручен соработник-психолог за :
  - редовност;
  - несоодветно однесување на група ученици;
  - одржување работилници со цел надминување на потешкотиите со кои се соочуваат учениците;
  - градење на личности со изграден одговорен став кон училиштето и училишните обврски.

ул. Маџари бр.25
1000 Скопје
тел: 02/2521-092
email: naum_naumovski_borce@yahoo.com

**Слаби страни**

- Формирање тимови на ниво на стручни активи за изготвување на инструменти за оценување според зададените стандарди и цели по предмети за следење на формативните постигнувања на учениците во текот на наставната година и исполнување на очекуваните исходи и резултати од учење;

- Поголема ангажираност за идентификација на надарените ученици од страна на наставниците и стручните соработници;

**Приоритети**

- Поголема мотивација на учениците за постигнување подобри резултати во текот на наставната година, поголемо учество во воннаставни активности и натпревари. Училиштето по одлука донесена на Наставничкиот совет да ги истакнува овие ученици во сите четири квалификациони квартали (од прво до деветто одделение),а на крајот од наставната година да бидат наградени.

- Поттикнување на интризичната мотивираност на учениците за постигнување подобри резултати;

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

**Опис/резиме на подрачјето**

Во ООУ,,Наум Наумовски Борче” постои пријатна и безбедна средина за сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес. Училиштето остварува бројни соработки со родителите и ги вклучува во повеќе активности и работилници. Исто така имаме плодна соработка и е активно вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти, активности и организирање и учество на настани од интерес на училиштето и заедницата, како и преку реализирање на културно - образовни активности. Училиштето е препознатливо во локалната средина со континуирано градење на квалитетно образование и постигањата на учениците во различни области кои промовираат успеси на локално,државно и меѓународно ниво. Наставниот кадар ги мотивира учениците за учество во сите вонваставни активности (културни и спортски манифестации,натпревари) и резултираат со многубројни награди. Училиштето, за афирмирање на воннаставните активности, соодветно ги користи различните медиуми (на пр. училишно радио, интернет страница, социјални мрежи, медиум МТВ, ученичко катче и сл.

Меѓу сите учесници во училишниот живот постои заемно почитување и вклученост во активностите во училиштето. Нашето училиште води грижа за своите ученици, при

ул. Маџари бр.25
1000 Скопје
тел: 02/2521-092
email: naum_naumovski_borce@yahoo.com

разни ситуации. Во училиштето на различни начини, преку работилници и предавања, но и на наставните часови се застапени теми и активности за спречување на насилство, за штетноста од цигарите, алкохолот и дрогата преку работилници и часовите. Учениците се едуцираат и советуваат за здрава исхрана. Вработените постојано се грижат за однесувањето на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето. Во училиштето функционира Ученички парламент и ученички правобранител. Учениците навремено и целосно се информирани од страна на претставникот на Ученичкиот парламент за работи кои се од нивен интерес. Учениците, преку Ученичкиот парламент учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето заклучоци. Ученичкиот парламент предлага и спроведува активности за подобрување на работата во училиштето. Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата, ученичкиот правобранител се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците и реализира активности за запознавање на учениците со неговите надлежности во однос на заштита на детските права. Училиштето промовира еднаков и правичен третман кон сите ученици. Училиштето презема активности за вклучување на родителите во подобрување на работа на училиштето на сите нивоа. Постои пишана документација за прифатени и реализирани идеи. Мислењата и ставовите влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето. Во училиштето се води кампања за здрава исхрана. Во училиштето тоалетите се чисти и дезинфицирани во секое време од денот и ги задоволуваат законските прописи.
Учениците секојдневно се советуваат за одржување на хигиената во просториите на училишната зграда и училишниот двор, го знаат значењето неодржување хигиена и појава на заразни болести. Во секоја училница има канти за отпадоци, но и канти за селективен отпад. Учениците редовно се советуваат за. Училиштето се грижи за безбедноста на своите ученици. Има исправни ПП апарати и хидранти, кои се одржуваат редовно и заштитна громобранска инсталаација. Исто така има истакнати планови за евакуација и еднаш годишно се врши симулација. Училиштето пронаоѓа повеќе начини за грижа за учениците од социјално загрозени семејства. Организира хуманитарни и општествено корисни активности и акции. На учениците кои отсуствувале подолг период од настава, поради здравствени причини, им се овозможуваат дополнителни часови за да ги надополнат изгубените часови/наставни содржини. Им се дава поддршка и помош од стручната служба, наставниците и соучениците. Кај учениците кај кои ќе се забележи некаков проблем од социо-емиционална природа, секогаш се советуваат да поразговараат со стручните соработници во училиштето (педагог или психолог), како би дошло до решавање на нивниот проблем. Во училиштето постои Програма за професионална информација и ориентација која вклучува низа активности.

ул. Маџари бр.25
1000 Скопје
тел: 02/2521-092
email: naum_naumovski_borce@yahoo.com

**Силни страни**

- Училиштето се препознава како добро училиште по квалитетот на работата и постигањата на учениците во разни области и остварување на висијата и мисијата на училиштето;
- Учениците постигнуваат високи резултати на општински, регионални, државни, меѓународни натпревари и олимпијади и истите се промовираат на веб страната на училиштето, училишно радио, социјалните мрежи и сл;
- Училиштето има кодекс на однесување и куќен ред со кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури: раководен кадар, наставници, стручна служба, технички персонал, учениците и родителите. Во изготвувањето учествувале сите засегнати страни. Транспарентно се поставени на видни места и се применуваат;
- Во училиштето климата е добра. Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во секојдневниот училишен живот.Учениците се чувствуваат пријатно и прифатено во училишната средина од страна на соучениците и наставниците;
- Дисциплината и поведението на учениците е добра и нема нарушувања на воспитно-образовниот процес;
- Ученичкото организирање во училиштето и работата на ученичкиот парламент и ученичкиот правобранител е на високо ниво. Ученичката заедница е активна и има свои претставници и членови од сите одделенија. Учениците подеднакво се вклучени во проекти, организираат и учествуваат во подобрување на училишниот живот;
- Во училиштето не се бележат појави на дискриминација по пол, религиска или етничка припадност. Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на правата на децата и најголем број правично и со почит се однесуваат кон учениците независно од полот, социјално потекло и способности, се негува мултикултурализмот и ја подржува инклузивноста;
- Училиштето планира и реализира многубројни заеднички настани и вонnаставни активности со мешани групи и ги користи сите други можни стратегии за да обезбеди соработка;
- Училиштето има и се реализира програма за превенција од заразни болести. Во училиштето има лица кои имаат сертификати за давање прва помош;
- Училиштето презема добро испланирани активности за вклучување на родителите во подобрување на воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа. Училиштето користи ефективни метооди за комуникација со родителите од средби, пишани и електронски комуникации. Постои пишана документација за прифатени и реализирани идеи од родителите/старателите заподобрување на воспитно-образовниот процес во училиштето. Мислењата и ставовите се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето;
- Учениците имаат слобода да побараат поддршка и помош од страна на наставниците и стручните соработници. Училиштето води грижа за добросостојбата на ученицте и нивната емоционална состојба;

ул. Маџари бр.25
1000 Скопје
тел: 02/2521-092
email: naum_naumovski_borce@yahoo.com

- Училиштето има протокол во кој се дефинирани сите облици на насилство и начините на постапување. Протоколот е достапен за сите (наставниците, учениците и родителите). Вработените си ги знаат својата улога и одговорноста во процесот на заштита на детето. Училиштето води евиденција за појавените форми на насилство. Во училиштето се постапува според протоколот за секој облик на насилство, Учениците во целост се запознаени за постапките и процедурите каде да се обратат ако забележат прекршување на своите права. Учениците во целост се информирани и знаат како да постапат во случај на врсничко насилство.
- Учениците имаат еднакви можности за учество во различни активности во училиштето;
- Во училиштето се спроведуваат активности за ненасилен начин на разрешување на кофликти и спрешување на насилство;
- Во училиштето се води кампања за здрава исхрана преку проекти, календар, овошни денови, работилници и активности.

**Слаби страни**

- Во рамки на Годишната програма за работа на училиштето има изготвена Превентивна програма за заштита од штетни влијанија од алкохол, пушење и наркотици и примена на едукативни работилници во рамки на одделенските часови, иако немало досега ваква појава, сепак нема пишани процедури за регистрирање на појавата на вакви појави и постапување по нив;
- Во училиштето се запазуваат законските процедури за одржување на хигиена, функционира и Еко патролата од страна на учениците за што се води уредна евиденција, но се појавуваат ставови и се евидентираат слабости во делот на хигиената во училишната зграда и целосно хортикултурно уредување, како и недоволен број на вработени во техничкиот персонал во соодноc со површината на објектот и дворната површина;
- Родителите се задоволни од третманот на нивното дете во училиште, но не се во целост информирани за тековните активности за превенција од насилство и ненасилен начин на разрешување на конфликти, промоција на правата на детето, како и за реализирани активности во делот на превентивните програми за спречување на зависности;
- Нема систем за ладење во топлите денови.

**Приоритети**

- Подобрување на нивото на хигиената и ангажирање на дополнителен технички персонал согласно потребите и површината за чистење (нови финансирања).
- Обезбедување на термоефикасни услови во училишната зграда и воспоставување на систем за ладење во топлите денови.
- Креирање на пишани процедури за постапување и регистрирање на појави на консумирање на алкохол, пушење и наркотици.
- Подобрување на начините за информирање на родителите за превентивните програми и активности на училиштето.

ул. Маџари бр.25
1000 Скопје
тел: 02/2521-092
email: naum_naumovski_borce@yahoo.com

| **Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики** |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br>Училишниот одбор е орган на управување во училиштето и има воспоставено партнерски однос со раководството на училиштето и другите училишни структури. Училишниот одбор е конституиран согласно законските прописи и Статутот на училиштето. Работи според Деловник за работа и има своја годишна програма за работа. Сите членови на одборот се запознаени со своите надлежности и нивната работа е конструктивна и транспарентна. Редовно се одржуваат состаноци на Училишен одбор на кои детално се разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето. Училишниот одбор квартално го следи трошењето на буџетот за да има увид во потрошените финансиски средства.<br>Директорот е раководен орган на училиштето, одговорен за законитоста и материјално-финансиското работење. Директорот става акцент на унапредување на воспитно-образовната работа и подобрување на условите во училиштето. Тимски работи, соработува и ги вклучува сите субјекти во училиштето при градење политики, планирање и реализирање на активности при што покажува отвореност за промени и поттикнува иновации со цел постигнување квалитет на работата. Ги следи новините во образованието и во соработка со стручните соработници и наставниците ги имплементира на ниво на училиште при што се залага за инклузивност, меѓуетничка интеграција, еколошки активности и младинско учество. Покажува проактивност и иницира планирање и реализирање на активности/проекти во училиштето или во соработка со локалната средина, деловната средина и граѓанските организации. Училиштето е вклучено во регионални проекти и меѓународни проекти. Континуирано ги следи акциските планови од сите активности/проекти и се фокусира на исполнување на целите од развојната програма на училиштето.<br>Училиштето поседува една училишна зграда со 21 училница, мала спортска сала и Голема спорска сала и надворешни спортски терени. Во училиштето оостојаносе подобруваат условите На училишната зграда треба да се постави термофасадна изолација и да се замени кровот,. Со цел за поуспешна реализација на наставата и вonнаставните активности училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал за реализација на наставните и воннаставните активности и .е направен план за максимално искористување на капацитетите што ги поседува училиштето т.е организирана е кабинетска настава за учениците од предметна настава кои посетуваат настава само прва смена, додека учениците од одделенска настава посетуваат настава во две смени. Во сите училници има електронски табли и интернет конекција, но дел од училишниот инвентар е дотраен и потребно е да се замени.<br>Училишната библиотека е добро уредена, опремена со компјутер и пристап до интернет, и ја води својата евиденција во согласност со законските регулативи. Библиотеката има мала читална и располага со околу 20 книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирите. Се води електронска евиденција за издадените и вратените книги. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи според распоредот за работното време на библиотекарот. Училишната библиотека организира и реализира многу активности. |

ул. Маџари бр.25
1000 Скопје
тел: 02/2521-092
email: naum_naumovski_borce@yahoo.com

Наставата во училиштето за сите наставни планови и програми ја реализира наставен кадар који е соодветен според нормативот и е компетентен да ги извршува своите работни задачи. Има и целосна структура од стручни соработници (педагог, психолог, социолог, специјален едукатор и библиотекар). Во случај на краткорочно/долгорочно отсуство на наставник во одделенска настава функционира механизам за соодветна замена од другите одделенски наставници, додека во предметна настава постои механизам на замена на часови и надополнување на часови.
Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници се базира на потребите идентификувани со личните планови за професионален развој на наставниците и стручните соработници. Наставниот кадар е вклучен во обуки од акредитираните провајдери од МОН, обуки од БРО и други институции согласно образовните реформи и современтите образовни текови, обуки во рамки на проекти што се реализираат во училиштето и други институции или здруженија. Во учебната 2022/23 е извршена дисеминација на дел од посетените обуки, но во учебната 2023/24 година е направен план за поголема соработка и професионално усовршување и значително е зголемена динамиката на дисеминација на екстерните и интерните обуки особено по препораките од интегралната евалуација.
. Наставниот кадар и стручните соработници имаат изработени Личен план за професионален развој и ажурирани професионални досиеја. Училиштето има пропишана процедура за организација и реализација на приправничкиот стаж. Наставникот ментор, директорот и стручните соработници им стојат на располагање на сите наставници занасоки, совети и консултации при разрешување на предизвиците со кои се соочуваат во секојдневната работа.
За успешно следење и евалуација на наставниот процес директорот и стручните соработници, по претходно изготвен распоред, континуирано ја следат работата на сите наставници најмалку два пати во текот на едно полугодие при што даваат конструктивни повратни информации.
Целите во развојната програма на училиштето (2021-2025) се конкретни и ги отсликуваат потребите кои произлегуваат од самоевалуациите за тој период и интегралната евалуација на училиштето. Остварувањето на дел од целите е пролонгирано поради ситуацијата со Ковид или отежнато поради финансиски средства со кои училиштето не раполага и ќе треба да се обезбедат со финансиска поддршка од Општината, донации, проекти итн . Во поставување на целите се вклучени наставниците, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Училиштето има план за следење и евалуација на развојната програма и за резултатите што треба да се постигнат и динамиката на извршување редовно ги информира наставниците, учениците и родителите на состаноци на Училишен одбор, Наставнички совет, Совет на родители и Ученички парламент.
Буџетот се користи наменски во насока на развој на училиштето т.е подобрување на условите за учење и квалитетот на наставата. За секоја календарска година училиштето има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства. Финансиските планови се одобрени од Училишниот одбор и Советот на општината. Иако директорот ги информира сите органи и тела во училиштето за училишниот буџет и трошењето на состаноци и преку извештаи кои се објавени на веб

ул. Маџари бр.25
1000 Скопје
тел: 02/2521-092
email: naum_naumovski_borce@yahoo.com


страницата, сепак родителите и мал дел од наставниците сметаат дека не се доволни информирани како се троши буџетот.

**Силни страни**

- Сите членови на Училишниот одбор имаат посетена обука на тема: Потребни компетенции на членовите на училишните одбори за подобрување на нивната ефикасност и ефективност во работењето и се запознаени со своите надлежности.
- Раководниот орган на училиштето успешно соработува со вработените во училиштето, со членовите на Училишниот одбор, Советот на родители и учениците и заеднички ја планира стратегија за развојот и напредокот на училиштето.
- Финансиското работење на училиштето е согласно законската регулатива и во насока на реализирање на целите од развојната програма со континуирано квартално следење од Училишниот одбор.
- Вработените, членовите на Училишниот одбор, родителите и учениците активно придонесуваат за успешното функционирање на училиштето и во креирањето на училишните политики.
- Училиштето има вработено соодветен и квалитетен наставен кадар за реализацијата на сите наставни програми и планови и целосна екипа од стручни соработници (педагог, психолог, социолог, специјален едукатор и библиотекар)
- Направен е план и распределба за максимално искористување на расположивите капацитети на училиштето за реализација на наставата и воннаставните активности.
- Училиштето располага со најразлични наставни средства и материјали кои секојдневно се користат во наставниот процес, при што дел од кабинетите целосно се опремени.
- Континуирано и навремено се набавуваат наставни средства и потребен материјал за реализација на наставата и воннаставните активности.
- Училиштето преку учество на проекти обезбедува набавка на наставни средства и материјали, обуки за професионален развој на наставниците и стручните соработници (пр.Градиме нови мостови 2, Инклузија на деца со ПОП, ...)
- Училишната библиотека е добро опремена и достапна за учениците и наставниците и реализира многу активности во текот на целата учебна година.

**Слаби страни**

- Училиштето ги информира органите и телата за училишниот буџет и трошењето, сепак родителите сметаат дека не се доволни информирани како се троши буџетот и дека треба да имаат еднакви информации од своите претставници од Советот на родители
- Училишниот простор ги исполнува условите потребни за реализација на наставата согласно нормативите, но дел од училишниот инвентар е дотраен, и потребно е да се реновира училишната зграда (фасада,кров,...) и да се доуреди училишниот двор.
- Наставниците организираат и реализираат недоволен број дисеминации/добри практики, што ја ограничува можноста за хоризонтално учење и размена на искуства меѓу нив.

ул. Маџари бр.25
1000 Скопје
тел: 02/2521-092
email: naum_naumovski_borce@yahoo.com

**Приоритети**

- Зголемување на транспарентноста и информираноста за буџетското работење на училиштето
- Подобрување на инфраструктурата на училиштето и училишниот двор и продолжување со набавка на современи наставни средства за зголемување на квалитетот на условите за учење и престој
- Зголемување на бројот на демонстративни часови за подобрување на размената на искуства и добри практики меѓу наставниците

**Предлог- мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето:**

- Организирање работилници/нагледни часови на ниво на стручни активи за користење на различни методи и техники на оценување часови за подобро кооперативно учење и размена на искуства преку акционен план и планирања на стручните активи;
- Изнаоѓање начини за информирање на учениците и родителите за материјали и извори на учење од страна на училиштето;
- Подобрување на условите и ресурсите за наставата и воннаставните активности (капацитети,  средства и материјали);
- Набавка на современи наставни средства за зголемување на квалитетот на условите за учење и престој;
- Воведување целодневна настава за учениците од 1-3 одделение;
- Подобрување на нивото на хигиената и ангажирање на дополнителен технички персонал согласно потребите;
- Обезбедување термоефикасни услови во училишната зграда и воспоставување систем за ладење во топлите денови;
- Креирање на пишани процедури за постапување и регистрирање на појави на консумирање на алкохол, пушење и наркотици;
- Подобрување на начините за информирање на родителите за превентивните програми и активности на училиштето;
- Зголемување на транспарентноста и информираноста за буџетското работење на училиштето кон родителите преку претставниците на родителите во советот и тоа во еднаков обем;
- Подобрување на инфраструктурата на училиштето и училишниот двор;
- Зголемување на бројот на демонстративни часови за подобрување на размената на искуства и добри практики меѓу наставниците.

ул. Маџари бр.25
1000 Скопје
тел: 02/2521-092
email: naum_naumovski_borce@yahoo.com

**Комисија за спроведување на самоевалуација**:

Валентина Јовановска - психолог

Марија Депиновска - одделенски наставник

Маја Станковска - предметен наставник

Даниела Кузманоска - предметен наставник

Наташа Стоимиров - Совет на родител

# ООУ„НАУМ НАУМОВСКИ БОРЧЕ“
## Скопје - Гази Баба

ул. Маџари бр.25
1000 Скопје
тел: 02/2521-092
email: naum_naumovski_borce@yahoo.com